СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ДРАГОСЛАВ СИМОНОВИЌ

за Градско



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ**
**ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„Со одговорно, чесно и домаќинско работење, со голема посветеност и ваша поддршка, може да се постигне сè!“

**Почитувани сограѓани,**

Да се биде градоначалник на Општина Градско е голема чест, но уште поголема обврска. Мојот предизвик е да се работи за граѓаните. Ви ветувам дека ќе бидам градоначалник на сите вас. Нема да ве делам според партиска, национална, верска, социјална или полова припадност. Вашите потреби, барања и проблеми ќе ми бидат главен приоритет во работата. Ги познавам предизвиците со кои се соочуваме, ќе го подобриме водоснабдувањето во сите населени места, кој со години ги измачува граѓаните на Општина Градско. Невработеноста и бесперспективноста беше причина младите луѓе од нашата општина ја напуштат државата. Целото мое животно и работно искуство ќе придонесат да се исполни мојата визија за првпат да создадеме услови за развој и инвестиции и со тоа да се воспостават нови вредности и квалитетен живот за сите граѓани.

Верувам дека граѓаните ќе ја препознаат нашата заложба за обезбедување услови за подобар живот и иднина за нашите деца. Со одговорно, чесно и домаќинско работење, со голема посветеност и ваша поддршка, може да се постигне сè!

**Драгослав Симоновиќ**

Кандидат за градоначалник на Општина Градско

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Градско

Ние сме кандидати за Советот на Општина Градско и се обраќаме директно до вас - нашите соседи.
Веруваме дека нашата Општина ќе биде посакувана за живеење и инвестирање, економски развиена со развиено земјоделство, квалитетни услуги за граѓаните, квалитетно образование, добра социјална сигурност и почиста околина во која живееме.
Не ветуваме чуда – ветуваме работа, чесност и транспарентност. Со вашата поддршка ќе го донесеме и кренеме гласот на граѓаните во Советот на Општината.
Заеднички за подобра општина!

1. Благоја Станишевски, р. 1973, машински техничар, СДСМ
2. Боне Спасовски, р. 1969, земјоделски техничар, СДСМ
3. Ивона Нацевска, р. 2000, дипломиран логопед, СДСМ
4. Шериф Фиуљанин, р. 1964, електротехничар, СДСМ
5. Филип Јованов, р. 1998, автоелектричар, СДСМ
6. Емилија Данева, р. 1975, текстилен техничар, СДСМ
7. Благојче Мишков р. 2000, информатичар, СДСМ
8. Ристенче Јаневска Бошков р. 2001, шумарски техничар, СДСМ
9. Сања Бешовска, р. 1981, електротехничар за телекомуникации, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, заковените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Со домаќинско работење вративме 850.000 евра долг и ја деблокиравме сметката на Општината и го зголемивме буџетот за една третина.
- Изработка и донесување на урбанистички план за Градско.
- Изградба на парк во ОУ „Даме Груев" во Градско и изградба на детски и спортски игралишта.
- Изградба шеталиште и поставување нова урбана опрема во централното подрачје.
- Изградба и реконструкција на улици во Градско, Старо Градско, с. Виничании, с. Водоврати, с. Ногаевци, с. Кочилари и с. Подлес, локален пат Долно Чичево – Градско.
- Изградба на пристапни земјоделски патишта во с. Уланци, с. Виничани и с. Ногаевци.
- Рехабилитација на регионалниот пат 1102  Градско – Велес.
- Изградивме канализација во населба Стопанство и с. Горно Чичево.
- Обезбедивме средства за изградба на клучни проекти во Општина Градско: локален пат за с. Виничани, обиколница во Градско, улица„ Јане Сандански" за населба Стопанство, локален пат за манастирот „Св. Аргхангел Михаил" во Чичево, водовод прва фаза за Градско и др.
- Изградба на пазар на големо во Градско.
- Набавка на пластични канти и поцинкувани контејнери и собирање на комуналниот отпад во сите населени места.
- Проширување на детската градинка „Кокичиња" во Градско.
- Реконструкција на Домот на културата „Крсте Петков Мисирков".
- Изградба на бунари за водоснабдување во Градско, с. Водоврати и с. Ногаевци.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Во изминатите 4 години на практицирање на локална власт одговорните не направија ништо во поглед на подобрување на водоснабдувањето во Градско и другите населени места во општината. Локалните власти покажаа нееднаков третман кон жителите на општината, партиски вработувања и привилегии, притисоци и нефер однос кон жителите што ја критикуваат работата на градоначалникот и Советот на Општина Градско.



# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто (повторно) се кандидирате? Што е мотивот?**

Мојот предизвик е да се работи за граѓаните и да се решаваат нивните потреби, барања и проблеми.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој? Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Мојата визија е да создадеме услови за економски развој и привлечеме инвестиции во општината. Да воспоставиме нови вредности, квалитетен живот и повисок стандард за сите граѓани.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Покрај изградбата на инфраструктурни објекти, заеднички ќе се ангажираме на привлекување инвеститори и развивање на јавно-приватно партнерство, задржување на младите и нивниот потенцијал во родното место. И бидејќи земјоделството е нашата основна дејност, предизвик ќе ни биде и привлекување инвеститори за изградба на преработувачки капацитети.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се носители на промените во општеството, бидејќи се во позиција, појасно да ги согледаат недостатоците и лошите практики и критички да размислуваат. Активно ќе ги вклучиме младите во работата на локалната самоуправа преку искористувањето на нивниот потенцијал. Преку локалниот младински совет, основање различни младински клубови и други форми на здружување, ќе ги поттикнеме младите

да ја вложат својата идеја во развојот на Градско.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Преку интерактивна комуникација меѓу Општината, граѓаните и полицијата ќе се таргетираат проблемите од сферата на безбедноста и постојано ќе се работи на нивно решавање. Општината ќе изработи сообраќајни проекти и ќе постави хоризонтална и вертикална сигнализација на посочените проблематични улици и локални патишта.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Изработката на урбанистички планови за сите населени места и индустриски зони во Општина Градско ќе придонесе за побрз економски локален развој.

- **Загадувањето е огромен проблем. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Должни сме да ја подигнеме свеста кај граѓаните и стопанските субјекти за односот кон животната средина. Ќе ги исчистиме сите лоцирани диви депонии и заедно со сите надлежни институции ќе вршиме постојан мониторинг и контрола на стопанските субјекти на територијата на Општина Градско за заштита на воздухот, почвата и водите.

- **Довербата на граѓаните е на ниско ниво, а корупцијата е огромен проблем. Може ли да се поврати довербата?**

Фактот што го покачивме драстично индексот за транспарентност во минатото докажува дека директно ги вклучуваме граѓаните во процесите на креирање и одлучување на локалната заедница. Нашите граѓани ќе добиваат модерна и навремено ажурирана веб-страница за информирање и непречен пристап до сите информации од јавен карактер и ќе ги вклучиме граѓаните во изработката на буџетот и во носењето одлуки.

- **Иселувањето и падот на наталитетот се голем проблем. Како да ги задржиме луѓето?**

Невработеноста и бесперспективноста беше причина младите луѓе од нашата општина да ја напуштат државата. Треба да создадеме услови за развој и инвестиции и со тоа да се покачи стандардот и квалитетот на животот на граѓаните.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни?**

Мојот предизвик е да се работи за граѓаните. Нема да ги делам според партиска, национална, верска, социјална или полова припадност. Ги познавам предизвиците со кои се соочуваме и вашите потреби, барања и проблеми ќе ми бидат главен приоритет во работата.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## Млади

Преку локалниот младински совет, основање различни младински клубови и други форми на здружување, ќе ги поттикнеме младите да ја вложат својата идеја во развојот на Градско, активно да ги следат состојбите, да се вклучат во решавањето на проблемите и да станат столбот на иднината на Градско.

- Основање на креативно-иновативен младински центар,
- Организирање богат општествен, културно-уметнички и спортско-рекреативен живот,
- Системски вложувања за дополнително усовршување на високообразованите млади луѓе.

## Пензионери

Општина Градско активно ќе се вклучи во подобрување на условите за живот на пензионерите. Во соработка со Здружението на пензионери ќе организираме бесплатни стоматолошки и здравствени прегледи, обезбедување нега на стари лица во домашни услови, финансиска поддршка наменета за пензионери во социјален ризик, набавка на опрема и инвентар за пензионерскиот дом во Градско и организирање бесплатни екскурзии.

## Спорт

Ќе го вратиме стариот сјај на ФК „Тим локомотива 2018" Градско. Во минатиот период покажавме големи резултати во областа на спортот, го рестартиравме ФК „Локомотива" и, почнувајќи од општинска лига, влеговме во Втора македонска лига. Да создаваме млади генерации што ќе се занимаваат со спорт и ќе водат здрав живот.

## Култура

Општина Градско ќе ги вклучи сите механизми за да даде максимална поддршка за поттикнување и помагање на поединци, здруженија и институции што негуваат и создаваат културни вредности. Изработка на техничка документација за изградба на музеј до срушената железничка станица, со автентичен изглед на тогашната, своевремено добро позната железничка станица. Одржување на традиционалната Фолклоријада „Градско", организирање Бошњачка вечер, Ромска вечер, поддршка на КУД „Стоби" од Градско...

## Образование

Еден од нашите клучни предизвици во наредниот период ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес

преку инфраструктурна интервенција во сите објекти и набавка на потребните нагледни средства. Подобрување на училишната инфраструктура, бесплатен оброк за сите ученици од прво до деветто одделение, опремување на училишните кабинети, стипендии за најдобрите, основање на училишни спортски клубови, поттикнување на факултативните активности и секции во училиштето (оркестар и хор, драмски, ликовни, поетски секции...), квалитетен и безбеден превоз на учениците до училиштето и до домот.

- **Транспорт**

Во ситуација кога патниот сообраќај е единствениот вид транспорт во општината, квалитетна и современа патна инфраструктура ќе придонесе за безбедно одвивање на сообраќајот. Истовремено прогресот ќе биде видлив и допирлив и во делот на комуналната инфраструктура. Ќе се докомплетира изградбата на канализационите системи, како и водоснабдителните колектори. Ќе ја приспособиме целата постојна урбана и рурална инфраструктура да биде во функција на потребите на граѓаните и ќе ја подобриме целокупната комунална инфраструктура.

- **Животна средина**

Развојот на општината може значително да придонесе во нејзина деградација и уништување, особено во населените места. Потребен е мониторинг и контрола на производствениот процес на сите стопански субјекти коишто можат да ја загрозат животната средина. Посебно внимание ќе посветиме на Биогасната централа во Градско, каде што се забележани неправилности во работењето на капацитетот што предизвикува загадување на човековата околина и на свињарската фарма во Чичево, од каде што отпадната вода истекува во отворен канал во реката Вардар во непосредна близина на Градско.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на атмосферска канализација на ул. „Александар Македонски“ во Градско

Во централното подрачје Градско не постои изградена атмосферска канализација со што нема капацитет целосно да ги прифати атмосферските води што предизвикуваат проблеми и оштетување на улиците и други инфраструктурни објекти.

**Влијание на проектот:**

Со изградбата на оваа атмосферска канализација ќе се обезбедат нормални услови за живеење.

**Целна група:**

Сите жители на Градско

**Рок на реализација**

2026

## Изградба на покриен пазар на големо

Бидејќи Општина Градско е претежно земјоделска општина и има голем број производители на земјоделски производи, неопходна е потребата од изградба на покриен пазар на големо. На локацијата во Градско којашто е асфалтирана, оградена и осветлена наменета за пазар на големо, потребно е да се изработи техничка документација за покривање на просторот, монтажа на вага за мерење и санитарен јазол.

**Влијание на проектот:**

Изградбата и уредувањето на покриен пазар на големо ќе биде од интерес на граѓаните, ќе ги подобри услугите, ќе обезбеди простор за сите производители на земјоделски производи и привлекување интерес за купување на големо како за жителите на општината, така и за соседните општини.

**Целна група:** Земјоделците од Општина Градско и соседните општини

**Рок на реализација** 2027

## Изработка на проектна документација за изградба на систем за снабдување со технолошка вода од постојниот систем на ЈВП „Тиквешко поле“ и од реката Вардар

Постојниот систем, со пристојната инфраструктура за наводнување и оперативните процедури не функционираат доволно добро во однос на дистрибуцијата на технолошката вода до корисниците. Решението за подобрувањето на системот на вода за наводнување до земјоделците е во проектирање на нова техничка документација за изградба на цевковод за донесување дополнителни количини вода од постојниот систем за водоснабдување на ЈВП „Тиквешко поле“ и проектирање нова техничка документација за изградба и управување со технолошка вода, користејќи го водниот ресурс, реката Вардар.

**Влијание на проектот:**

Овој систем ќе биде одржуван од страна на локалната самоуправа и со него може да се поттикне економскиот раст во заедницата и да придонесе за позитивна трансформација на егзистенцијата на руралното население и за намалување на миграцијата на село - град.

**Целна група:** Жителите на Градско

**Рок на реализација** 2026

# ПРОЕКТИ

## Подобрување на водоснабдувањето во сите населени места во општината

Подобрувањето на водоснабдувањето ќе го реализираме со изградба на нови бунари – нивно изведување и поставување пумпи и довод на електрична енергија и доизградба на постојните каптажи и извори. Во Градско ќе се изгради нов бунар за водоснабдување на локацијата Вранов Дол над старата патарина.

**Влијание на проектот:**

Решавањето на проблемот со недостигот од вода за пиење ќе го зголеми квалитетот на животот во Општина Градско и ќе придонесе за намалување на трошоците од домашниот буџет.

**Целна група:** Сите жители на Општина Градско

**Рок на реализација** 2028

## Изработка на урбанистички планови

Ќе бидат изработени урбанистички планови за сите населени места во Општина Градско, што ќе придонесе за побрз развој на населените места и на општината, во целина

Ова ќе го направиме на транспарентен начин во консултација со граѓаните од Општина Градско.

**Влијание на проектот:**

Со реализацијата на овој проект се добива потребната функционално-просторна организација на просторот и соодветен квалитет на живеење и негово користење.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Градско

**Рок на реализација** 2028





## Изградба на нови гробишта во Старо Градско

Откуп на земјиштето на просторот утврден со урбанистички проект изработен од Општината и предавање во сопственост и управување на ЈКП „Клепа“.

**Влијание на проектот:**

Со изградбата на гробиштата ќе се реши проблемот со недостигот од гробни места и ќе се задоволат потребите на граѓаните.

**Целна група:**

Жители на Градско

**Рок на реализација**

2026

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на локален пат Градско - Долно Чичево

Реконструкција на оштетениот на дел од локалниот пат на потегот од Градско до свињарската фарма на АГРИА ГРУП кај Долно Чичево.

### Влијание на проектот:

Реконструкцијата на овој локален пат ќе овозможи подобро и побезбедно движење кон населените места Долно Чичево, Горно Чичево и Подлес.

### Целна група:

Жители на Општина Градско и стопанските субјекти.

### Рок на реализација

2028

## Развој на рурален и планински туризам

Изработка на стратегија за рурален и планински туризам на подрачјето Општина Градско. Унапредување на туристичката и комуналната инфраструктура во руралните населби. Селото Подлес со Подлешкото Езеро и манастирот „Св. Архангел Михаил“ во Чичево нудат одлични услови за развој на овој вид туризам.

### Влијание на проектот:

Развојот на руралниот и планинскиот туризам ќе создаде економски, социјални, туристички и еколошки вредности, кои суштински ќе придонесат за целокупниот развој и афирмација на општината.

### Целна група:

Жители на Општина Градско и сите граѓани на РСМ

### Рок на реализација

2026

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## МЗ Градско

- Реконструкција на ул. „Борис Трајковски“, „Александар Македонски“ и „Гоце Делчев“
- Изградба на музејска зграда кај старата железничка станица
- Поставување споменик во паркот кај железничката станица
- Реконструкција на мрежата за технолошка вода
- Изградба на улици во Старо Градско и населба Стопанство

## МЗ Виничани

- Подобрување на водоснабдувањето со изведба на нов бунар
- Изградба на мрежа за технолошка вода
- Изградба на три улици во должина од 400 метри
- Доградба на фекална канализација
- Доизградба на локален пат за населба Мазовци

## З Водоврати

- Изградба на три улици во должина од 300 метри
- Уредување на централното подрачје со урбана опрема

## МЗ Ногаевци

- Изградба на три улици во должина од 300 метри
- Поставување нова линија за осветлување на мостот и до центарот на селото
- Реконструкција на водоводната мрежа

## МЗ Уланци

- Изградба на локален пат од Жито Вардар до мостот на реката Вардар
- Изградба на две улици во должина од 200 метри

## МЗ Кочилари

- Изградба на две улици во должина од 250 метри
- Доградба на уличното осветлување

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **МЗ Долно Чичево**
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на 2 улици

- **МЗ Горно Чичево**
- Уредување на централното подрачје
- Уредување на просторот кај манастирот „Св. Архангел Михаил"

- **МЗ Подлес**
- Реконструкција на локалниот пат Долно Чичево - Подлес
- Уредување на просторот на Подлешкото Езеро со бехатон-патеки и урбана опрема
- Изградба на водовод од Подлес до Подлешко Езеро
- Пошумување на просторот околу Подлешко Езеро

- **МЗ Грнчиште**
- Доизградба на локален пат до Грнчиште
- Доградба на системот за водоснабдување

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Градско!

**СДСМ**

И КОАЛИЦИЈАТА

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА